*44 years of manufacturing excellence*

Hi-Tech Corp. (www.hitech.com.mk) е водечки европски производител на електронски штампани плочи. Преку посветенување на нашите над 200 вработени, се посветуваме на технолошката експертиза и квалитетот на нашите производи кои ги надминуваат очекувањата на нашите клиенти.

А нашите клиенти се едни од најголемите светски брендови. Нашите електронски штампани плочи се применуваат во: CERN акцелератор, Williams Racing и Audi F1 тимовите, Ferrari SF90 и 488, Mercedes AMG, Медицинска индустрија (респиратори, магнетна резонанца, CT), комерцијални сателити, ARRI камери и опрема за видео пренос на Олимписките игри во Париз 2024), авионите Airbus и Boeing, апаратите на Bosch и Siemens...

Во моментов отворено е следното работно место:

## ОПЕРАТОР ВО ПАКУВАЊЕ

**Опис на работно место:**

- Подготовка на пакети за испорака;
- Затварање на нарачки во систем;
- Издавање на packing листа.

**Работни услови:**

- Работа во една смена од понеделник до петок и секоја втора сабота;
- Работа со стоење.

**Што бараме:**

- Завршено средно образование;
- Со или без работно искуство;
- Способност за следење на упатства и дисциплинираност;
- Познавање на англиски јазик;
- Искуство со работа со компјутери ќе се смета за предност.

**Што нудиме:**

- Организиран превоз од Скопје и околните градови (фабриката се наоѓа во с. Орешани - Зелениково);
- Обезбедена храна;
- Приватно здравствено осигурување за лојални вработени;
- Почетна плата нето 30.000 денари.

Доколку сакате да станете дел од тимот кој работи за најголемите брендови низ целиот свет, доставете кратка биографија на емаил hr@hitech.com.mk најдоцна до 09.06.2025 година.

Hi-Tech Corp. обезбедува еднакви можности за вработување на сите кандидати и води посебна грижа за заштитата на лични податоци и за доверливоста на Вашата апликација.
Само апликациите кои ќе влезат во потесен круг, ќе бидат контактирани.

Со самото аплицирање за работната позиција, вие се согласувате дадените лични податоци да се користат/обработуваат од страна на Hi-Tech Corp. и тоа само за процесот за селекција на кандидатите. Кандидатите можат согласноста за обработка на личните податоци да ја повлечат во секое време со доставување на барање на hr@hitech.com.mk.